**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година (арх. бр. 106897/1 од 22.03.2011 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2010 година (арх. бр. ______________ од 14.04.2011 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 14.04.2011 година, ја донесе следната:

## Предлог Одлука
### за исплата на дивиденда на Друштвото за 2010 година

#### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2010 година во вкупен бруто износ од 5.947.479.162,00 денари (пет милијарди деветстотини четириесет и седум милиони четиристотини седумдесет и девет илјади сто шеесет и два денари), кој е целокупен износ од остварената нето добивка на Друштвото за 2010 година.
Бруто износот на дивиденда по акција е 68,952360447 денари (шеесет и осум денари и деведесет и пет дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, во согласност со важечката регулатива, од бруто износот на дивиденда:
(а) при исплатата на физичките лица, ќе задржи и уплати данок на добивка и персонален данок на доход, и
(б) при исплатата на странските правни лица, ќе задржи и уплати данок на добивка и данок по задршка.

#### Член 2

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2010 година е 21.04.2011 година.

#### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2010 година е 18.04.2011 година.

#### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2010 година е 19.04.2011 година.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда за 2010 година ќе се изврши во периодот помеѓу 29.04.2011 и 11.05.2011 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивиденда, со соодветно известување во најмалку еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија и на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**

Проверка од Лингва Експерт